20251012228

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 мај 2025 година.

Бр. 08 - 2801/1
14 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 224/24) во член 29 ставот (3) се менува и гласи:

„Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Член 2

Во член 30 ставот (1) се менува и гласи:

„Министерството за транспорт по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно на сите овластувања со кои се стекнале работилниците, дали ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадено овластувањето, како и на евиденцијата која работилниците се должни да ја водат.“.

Член 3

Во член 41 во ставот (2) се додава нова втора реченица, која гласи:

„Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Член 4

Во член 42 ставот (2) се менува и гласи:

„Министерството за транспорт по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно на сите јавни овластувања со кои се стекнале издавачите на картички, дали ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадено јавното овластување и дали ги изршуваат своите должности согласно со овој закон.“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.